МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
www.mrt.com.mk

З А П И С Н И К

Од Шеесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ
одржана на 27.10.2026 година, во 13:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Шеесет и четвртата седница на Програмски совет на МРТ: ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Томислав Кежаровски, Ивана Ефремовски, Миле Гроздаиоски, Бурим Рамадани, Марјан Велевски, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски и Маја Седрак.***

Други присутни на седницата*: Директор на МРТ Зоран Ристоски, Заменик директор на МРТ Џуљиан Шабани, Стојан Трпчевски ВД Одговорен уредник на МТВ1, Леунора Калиќи ВД Одговорен уредник на МТВ2, Зоран Мирчевски ВД Одговорен уредник на МТВ3, Еран Хасипи Одговорен уредник на МТВ4, Дијана Гогова Одговорен уредник на МТВ5, Ели Јосифовска ВД одговорен уредник на Собраниски канал, Крстинка Билјановска од Сателитски сервис на МТВ1, Снежана Димовска ВД Одговорен уредник на МРА1, Рашела Гинова Карафилоски од МРА2, Себахат Нухиу Одговорен уредник на МРА3, Суна Керим од МРА4 и Јошко Бошковски Одговорен уредник на Сателитски сервис на МРА.*

Шеесет и четвртата седница на Програмскиот совет започна во 13:00 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Шеесет и четвртата седница, како што следува подолу:

Дневен ред:

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 63-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на пристигнатите забелешки и предлози во рамките на јавната расправа за Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година**
3. **Средба со одговорните уредници во врска со Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година**
4. **Извештај од надзор над изборното медиумско претставување на МТВ1**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 63-та седница на Програмскиот совет на МРТ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Шеесет и третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Точка 2. Разгледување на пристигнатите забелешки и предлози во рамките на јавната расправа за Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, ја отвори втората точка од дневниот ред и во своето воведно обраќање, пред да се премине на разгледување на забелешките и предлозите доставени во рамките на јавната расправа, се осврна на предлозите и забелешките што членовите на Програмскиот совет ги доставија во текот на разгледувањето на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.
Најнапред, тој им се заблагодари на сите колеги за нивниот ангажман и конструктивните предлози. Иако во одредени прашања постојат различни согледувања, претседателот изрази уверување дека сите ја споделуваат истата цел – поквалитетна, посодржајна и реално остварлива Годишна програма, која ќе одговори на потребите на граѓаните и на јавната мисија на МРТ.
Претседателот констатира дека од доставените материјали произлегува значително совпаѓање во повеќе клучни прашања: натамошно зголемување на сопственото производство, кое веќе бележи позитивни поместувања, создавање содржини со трајна јавна, културна, историска и образовна вредност, унапредување на информативната, документарната, културната и спортската програма, како и поголема ориентираност кон публиката.
Претседателот посебно нагласи дека значителен дел од овие забелешки и предлози веќе се опфатени во дополнетата верзија на Програмата.
Во дополнетата верзија на Годишната програма, во воведниот дел, дополнително е нагласена соработката со Европската радиодифузна унија, преку програмска размена, копродукции и професионална едукација. Предвидено е и збогатување на програмската понуда со квалитетни домашни, европски и светски филмови и серии, во согласност со програмскиот концепт и расположливите можности.
Воедно, дополнително се нагласени законските обврски за застапеност на европските аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, како и содржините од поширок општествен интерес – образованието, здравјето, животната средина, дигиталната писменост и социјалната вклученост, со посебно внимание на културата, негувањето на македонскиот литературен јазик и создавањето програмски содржини со трајна културна, образовна, историска и општествена вредност. Во таа насока, беше укажано и на потребата од доследно

почитување на јазичните стандарди и зачувување на јазичното и културното наследство, како една од важните обврски на јавниот сервис.

Претседателот посебно го истакна предвидувањето на единствен систем за следење на реализацијата на Годишната програма, анализа на публиката, периодично известување за постигнатите резултати и редовна комуникација со Програмскиот совет, вклучително и преку месечни средби со одговорните уредници.

Конкретни дополнувања има и кај одделните програмски сервиси.

Кај МТВ 1 дополнително се нагласени спортските содржини и значајните спортски настани и личности.

Во делот на МТВ 2 е предвидено разгледување на можноста за развој на волонтерска дописничка мрежа од албанската дијаспора, по принципот на веќе започнатиот проект „МК Конект“. Воедно, во рамките на дискусиите на седниците посветени на разгледувањето на Годишната програма за 2027 година, беше укажано на потребата од зајакнување и понатамошен развој на дописничката мрежа, како важен сегмент кој е опфатен и во Програмата.

Кај МТВ 3 е доразработена програмската определба со појасен фокус на македонската музика, културата, современата уметност и младите автори.

Кај МТВ 4 е вклучено разгледување на можноста за развој на заедничка мултикултурна емисија со учество на сите пет јазични редакции, со цел поттикнување на меѓусебното запознавање, културната разновидност и дијалогот меѓу заедниците. Во таа насока, предвидено е да се разгледаат и можностите за поголема јазична достапност на програмските содржини, имајќи ги предвид техничките, кадровските и финансиските услови. Со ова се препознава суштината на предлогот за мултикултурна емисија, кој првично беше предложен за Собранискиот канал.

Кај Собранискиот канал се доразработени законските обврски, користењето на архивските материјали, како и определбите за развој на нови програмски концепти и емисии, во согласност со неговата намена и програмските приоритети. Притоа, важно е да се нагласи дека Програмата за Собранискиот канал се подготвува во согласност со законските одредби што ја уредуваат неговата работа и во соработка со надлежниот Совет на Собранискиот канал, со почитување на законски утврдените надлежности.

Кај сателитскиот сервис е дополнително нагласена поврзаноста со дијаспората, преку сопствената продукција, архивските содржини и проектот „МК Конект“, чиј развој ќе продолжи и во 2027 година.

Секако, не сите предлози се вклучени во целост. Дел од нив се однесуваат на прашања што бараат понатамошна оперативна разработка и можат да бидат предмет на дополнително разгледување при реализацијата и следењето на Програмата, во согласност со уредувачката независност, програмските приоритети и расположливите финансиски, технички и кадровски можности.

Треба да се има предвид и дека МРТ се наоѓа во континуиран процес на трансформација. Веќе се видливи позитивни поместувања преку зголеменото сопствено производство и воведувањето нови програмски содржини, а Годишната програма за 2027 година треба да овозможи нивно натамошно развивање и надградување.
Претседателот изрази уверување дека дополнетата Програма претставува значаен исчекор и добра основа за понатамошна работа. Нејзиниот вистински успех ќе се оценува преку реализацијата, квалитетот на содржините и реакциите на публиката.
Уште еднаш им се заблагодари на сите членови на Програмскиот совет за доставените предлози.
Претседателот истакна дека во продолжение ќе се пристапи кон разгледување на забелешките и предлозите доставени во рамките на јавната расправа, со посебен осврт на оние што веќе се опфатени во дополнетата верзија на Годишната програма, како и на оние што би можеле да бидат предмет на понатамошно разгледување при програмското планирање и реализација.

Пред да се премине на разгледување на забелешките и предлозите доставени во рамките на јавната расправа, за збор се јави членката на Програмскиот совет, Ивана Ефремовски, која даде краток осврт на учеството на Македонија на Детскиот избор за песна на Евровизија, одржан во Малта.
Таа истакна дека ѝ претставувало особена чест, како член на Програмскиот совет, да биде дел од делегацијата на МРТ и Македонија на овој меѓународен музички настан.
Во своето излагање, Ефремовски ја нагласи големата посветеност, трудот и ангажманот на сите вклучени во подготовката и реализацијата на македонскиот настап, истакнувајќи дека станува збор за настап со кој Македонија може да се гордее.
Воедно, таа посочи дека Македонија се претставила со исклучителни вокални способности, квалитетна песна и впечатлив сценски настап, кој го освоил осмото место според гласовите на публиката. Дополнително, истакна дека на повеќе интернет-рангирања, засновани на гласање од меѓународната публика, македонскиот претставник бил пласиран меѓу првите три позиции.
Ефремовски посебно ја истакна храброста, ентузијазмот и посветеноста на децата кои настапиле на сцената, со силна желба да ја претстават Македонија во најдобро светло, оценувајќи дека во тоа целосно успеале. Таа посочи дека конечниот пласман предизвикал големо разочарување кај младите учесници, особено имајќи ги предвид нивните очекувања, вложениот труд и позитивните реакции од публиката.
Воедно, истакна дека врз конечниот пласман значително влијаел малиот број бодови доделени од националните жири-комисии, оценувајќи дека ваквиот начин на бодување и разликите меѓу оценките на жирито и публиката отвораат простор за понатамошна дискусија и анализа од повеќе аспекти.

Таа истакна дека за неа најголемата неправда не бил конечниот пласман. Додека од цела Европа добивале овации, позитивни коментари и неверојатна поддршка, од дел од македонските медиуми и поединци биле објавувани дрски коментари, без притоа да се размисли како тие можат да влијаат врз децата. Како особено несоодветни ги посочи коментарите дека децата на сцената настапиле во изгужвани костими. Притоа, појасни дека реалноста била сосема поинаква, односно дека сите вложувале максимален труд и помагале во подготовките, при што костимите биле пеглани и по три пати дневно, крпени и дополнително доработувани. Овој пример го наведе како показател за тоа колку е лесно да се суди кога не се познава целиот процес и кога не се знае колку труд и грижа стојат зад секој настап и секој детаљ што публиката го гледа.
Во продолжение, истакна дека била сведок на бескомпромисна борба за финалниот изглед на настапот. Македонската делегација наишла на одличен прием, голема почит и силна поддршка, но и на низа проблеми кои биле решавани на лице место од страна на шефицата на делегацијата, Дијана Гогова. Во таа насока, изрази голема восхит и почит кон нејзината пожртвуваност, посветеност и борба за достоинствено претставување, како и за зачувување на честа и угледот на Македонија и МРТ. Посебно ја нагласи нејзината огромна одговорност и посветеност во организацијата и координацијата на целиот процес.
Таа нагласи дека секој член на официјалната македонска делегација бил на висина на задачата, вложувајќи максимален труд и ангажман, без да се штеди себеси.
На крајот, истакна дека сите треба да бидат горди на секој сегмент од целиот процес, почнувајќи од моментот кога била донесена одлуката Ана Стојаноска да биде македонски претставник, па сè до нејзиното „Ве сакам, Македонијо!“, изговорено на цел глас од европската сцена.

По излагањето на Ефремовски, генералниот директор на МРТ, Зоран Ристоски, информираше дека до ЕБУ е испратен допис со барање за подетални информации и појаснувања во врска со начинот на гласање и распределбата на бодовите од страна на членовите на жири-комисиите на Јуниорскиот Евросонг. Воедно, ја нагласи важноста од транспарентноста на процесот на гласање, како и потребата од особено внимателен и одговорен пристап кон децата учесници, имајќи го предвид нивниот вложен труд, посветеност и достоинственото претставување на Македонија.

Дијана Гогова, шефица на македонската делегација, зеде збор и ѝ се заблагодари на Ивана Ефремовски за големата поддршка што ја дала како член на делегацијата, вклучително и од новинарски аспект. Притоа, истакна дека и самата Ефремовски била непосреден сведок на денонoќниот труд и посветеноста на целиот тим во подготовките и реализацијата на настапот.
Во продолжение, изрази благодарност и до генералниот директор на МРТ, Зоран Ристоски, за севкупната поддршка што ја добиле во текот на целиот процес, особено во тешките

моменти по објавувањето на конечните резултати, кога неговата поддршка била од особено значење за делегацијата.

Во продолжение, Ивана Ефремовски повторно зеде збор и информираше дека во текот на јавната расправа за Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, до Програмскиот совет пристигнале вкупно десет дописи со забелешки и предлози. Таа посочи дека сите пристигнати дописи биле навремено доставени до членовите на Програмскиот совет, по што даде краток осврт на содржината на секој од нив.

Елена Попазова во својот допис предложила збогатување на програмските содржини со концепт сличен на оној што го применуваат другите балкански телевизии, а кој, според неа, недостасува во програмата на МРТ и не е опфатен со предложените измени. Конкретно, предложила воведување дополнителни дневни содржини наменети за пензионери и домаќинки, преку емитување шпански, латиноамерикански, австралиски и италијански серии, како и дополнителни содржини во вечерните часови, по 23:00 часот, со акцент на американски полициски серии.
Воедно, истакнала дека ги следи емисиите „Без наслов“ и „Со повод“, кои ги оценува како многу добри меѓу новите програмски содржини, додека останатите подкасти не ѝ се особено интересни. Изразила желба за редовно и зголемено емитување серии во текот на денот и во доцните вечерни часови, со жанровска разновидност приспособена на различните категории публика.

Петар Арсов во својот допис истакнал дека со години ја следи работата на МРТ и упатил честитки за предложената Годишна програма за работа за 2027 година. Особено ја пофалил формата во која е изготвен документот, како и вложениот труд во неговата подготовка. Посочил дека, по информациите за изборот на нов директор, заменик-директор и нови уредници, дополнително се заинтересирал за начинот на работа на МРТ, при што позитивно ги оценил промените што се видливи преку презентацијата на Програмата. Според него, документот е темелен, конкретен и сеопфатен, особено во споредба со претходните годишни програми.
Сепак, Арсов изнел забелешка дека во предложената Програма, според него, не се опфатени странски програмски содржини, што го смета за невообичаено за национален јавен телевизиски сервис, особено во време кога содржините од различни делови на светот се широко достапни. Во таа насока, ги посочил примерите на Германија и Чешка, каде што, покрај обемната домашна продукција, се емитуваат и серии од Велика Британија, Данска и Италија.
Тој оценил дека, иако документот е квалитетно изготвен во однос на формата и презентацијата, потребни се дополнителни содржински доработки. Предложил МРТ да ги следи ваквите примери и во Годишната програма појасно да предвиди и разработи

содржини од странска продукција. Притоа, посочил дека, иако во документот се наведува разновидност на програмата, според неговото согледување, претежно се застапени студиски емисии од сопствена продукција, поради што предложената програмска шема ја оценил како содржински еднолична.

Марко Грозданов во својот допис изразил незадоволство од дел од актуелната програмска понуда на МРТ и очекување дека неговите забелешки ќе бидат земени предвид при доработката на Годишната програма за 2027 година. Особено се осврнал на планираните музички шоуа, оценувајќи дека истовремената реализација на повеќе вакви проекти може да доведе до преклопување на публиката и учесниците, како и до оптоварување на продукциските и финансиските капацитети на МРТ. Притоа, изразил резерви во однос на нивната финансиска оправданост и можностите за квалитетна реализација. Како алтернатива предложил поголема застапеност на талент-шоуа, квизови и други забавни формати.
Во однос на новите емисии, Грозданов изнел критики за дел од подкастите и студиските разговорни формати, како и за изборот на одредени водители и ангажирани лица, оценувајќи дека е потребно дополнително да се преиспита нивниот програмски и продукциски квалитет. Во таа насока, предложил поголемо вложување во истражувачки и теренски документарни емисии, едукативни содржини, приказни за личности од различни области на општествениот живот, како и квалитетни кулинарски формати.
Тој укажал и на честото репризирање на исти емисии во различни термини, како и на емитувањето содржини од МТВ 3 на МТВ 1, оценувајќи дека ваквата практика може да влијае врз разновидноста на програмската понуда и препознатливоста на одделните програмски сервиси. Притоа, посочил дека, според неговото мислење, дел од забавните и разговорните формати не го достигнуваат очекуваното ниво на квалитет, додека одредени информативни и политички емисии ги оценил позитивно.
На крајот, предложил преиспитување на дел од постојните формати, збогатување на програмата со квалитетни домашни продукции и поголема застапеност на современи странски серии и филмови, со цел обезбедување поразновидна и посодржајна програмска понуда, усогласена со интересите на публиката и јавната функција на МРТ.

Игор Велков во својот допис изразил поддршка за новиот програмски концепт, посочувајќи дека на новите емисии треба да им се даде можност да се развиваат и да ја придобијат публиката, дури и кога дел од содржините не одговараат на вкусовите на сите гледачи.
Како главна забелешка го истакнал прашањето за отсуството на назначени одговорни уредници во три програмски сервиси, при што побарал поголема јасност во однос на тоа кој учествувал во подготовката на програмските делови за овие сервиси и кој ја носи одговорноста за нивната реализација. Во таа насока, ја нагласил важноста на транспарентноста и јасно утврдената одговорност во работењето на јавниот сервис.

Марија Манасиевска се вклучила во јавната расправа со најобемни забелешки и предлози, во кои дала детален осврт на концептот и содржината на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година. Во својот допис го поставила прашањето во која мера амбициозно поставените програмски цели се поткрепени со конкретни обврски, мерливи резултати и јасно утврдена одговорност за нивната реализација.

Посочила дека Програмата опфаќа повеќе значајни области, меѓу кои стратегиите за телевизиските и радиосервисите, дигиталната трансформација, новите формати и развојот на публиката, но смета дека е потребно овие определби дополнително да се конкретизираат преку мерливи показатели. Како една од главните забелешки го навела недостигот од прецизно дефинирани цели за 2027 година, особено во однос на планираниот раст на гледаноста, обемот на сопствената продукција, финансиските вложувања во одделните програмски области и очекуваните резултати до крајот на годината. Притоа, укажала на потребата од воспоставување појасна основа за следење и оценување на реализацијата на Програмата, вклучително и утврдување конкретни одговорности за исполнување на предвидените активности.

Во однос на програмските содржини, Манасиевска ја нагласила потребата од поконкретни определби за развој на истражувачкото новинарство, критичкото следење на работата на институциите, квалитетните политички дебати, документарните содржини и програмите посветени на прашања од јавен интерес. Притоа, укажала на потребата најавените реформи, покрај промените во форматите, насловите и визуелниот идентитет, да бидат проследени и со суштинско унапредување на квалитетот и јавната вредност на програмските содржини.

Посебен осврт дала на Собранискиот канал, нагласувајќи дека неговата улога треба да биде насочена кон објективно информирање на јавноста, транспарентност и отчетност на институциите, при што е важно да се зачува разликата меѓу информирањето од јавен интерес и институционалната промоција. Во таа насока, се осврнала на предложениот формат „Парламентарен караван“, посочувајќи дека содржините што ја приближуваат работата на Собранието до граѓаните треба да бидат засновани на принципите на уредувачка независност и критичко новинарство.

Како дополнително значајно прашање го посочила отсуството на одговорни уредници во три програмски сервиси – МРА 2, МРА 4 и Сателитскиот сервис на МТВ 1. Според неа, ова прашање има значење не само од кадровски аспект, туку и во однос на уредувачката одговорност, организацијата на работата и реализацијата на програмските обврски. Во таа насока, предложила пред доставувањето на конечната Програма до Собранието да се прецизира кој ја носи уредувачката одговорност за овие сервиси, да се определат рокови за избор или назначување одговорни уредници и да се наведе кој привремено ги извршува овие функции. Дополнително, предложила навремено планирање на кадровското доекипирање и изборот на нов уредник за МТВ САТ 2, имајќи го предвид претстојното пензионирање на актуелната уредничка.

На крајот, Манасиевска оценила дека Предлог-годишната програма за 2027 година содржи амбициозни развојни определби, но дека е потребно тие да бидат дополнително поткрепени со конкретни активности, мерливи показатели, јасно утврдени одговорности и механизми за следење на реализацијата. Според неа, на тој начин би се обезбедила поголема транспарентност и отчетност, како и можност за објективно оценување на постигнатите резултати и исполнувањето на програмските приоритети.

Кети Мециновиќ во својот допис доставила предлози за збогатување и освежување на програмската шема на МРТ, преку вклучување нови европски, американски и јужноамерикански серии, како и поголема застапеност на квалитетни филмови од различни жанрови и нови документарни серии.
Во дописот навела и конкретни предлози за серии и нивните продукции кои смета дека би било соодветно да се емитуваат на МРТ, оценувајќи дека со вакви и слични содржини јавниот сервис би можел да понуди побогата, поразновидна и поатрактивна програма за различни генерации гледачи.

Лена Данаилова во својот допис изразила очекување за унапредување и збогатување на програмската понуда на МРТ, при што се осврнала на презентацијата на програмата од 2012 година, достапна на официјалниот канал на МТВ. Таа ја посочила како позитивен пример за разновидна и квалитетна програмска понуда, со застапеност на серии, филмови, анимирани содржини и домашна продукција. Во таа насока, предложила МРТ да ги разгледа можностите за дополнително збогатување на програмата со нови детски филмови, анимирани серии, квалитетни филмски остварувања, странски серии и теленовели од меѓународни продукциски куќи, со цел да се понуди поразновидна и поатрактивна содржина за гледачите.

Следните предлози и забелешки биле доставени од подносителка потпишана како Марија. Иако во повикот за јавната расправа била нагласена потребата од јасно претставување и идентификација на подносителите, доставените предлози биле земени предвид и разгледани во рамките на јавната расправа.
Во својот допис, подносителката се претставила како тинејџерка и предложила поголема застапеност на програмски содржини наменети за младата публика на возраст од 13 до 19 години, особено на МТВ 5, како програмски сервис наменет за деца и млади. Според неа, потребно е да се посвети поголемо внимание на интересите на тинејџерската публика, за која смета дека не е доволно застапена во актуелната програмска понуда.
Притоа, посочила дека дел од постојните забавни и разговорни формати не се особено привлечни за оваа возрасна група. Како позитивни примери навела младински серии кои биле популарни во минатото (меѓу кои „Млади бунтовници“, „Интернат“, „Ангели“, „ФМ 04“, „Беверли Хилс“, „Озборувачка“, „Пријатели“ и „Училиштето на скршени срца“), а во прилог

доставила и листа со дополнителни предлози за серии кои, според неа, би можеле да придонесат за збогатување на програмата и поголема заинтересираност на младата публика.

Игор Филевски во својот допис изразил поддршка за детскиот програмски сервис МТВ 5, во свое име и во име на Македонците кои живеат на Малта. Посочил дека учеството на Македонија на Јуниорскиот Евросонг во Малта, преку настапот на македонската претставничка Ана, било повод да се обрати до МРТ и да го истакне значењето на овој канал за македонските семејства кои живеат во странство.
Тој нагласил дека МТВ 5 претставува важна врска на најмладите генерации Македонци во дијаспората со нивната матична земја, особено во поглед на зачувувањето и негувањето на македонскиот јазик. Притоа, посочил дека во изминатите години на Малта се родиле околу 120 деца во македонски семејства и дека програмските содржини на МТВ 5 имаат значаен придонес во нивното изучување и правилно користење на македонскиот литературен јазик, како и во запознавањето со кирилицата. Според него, преку детските емисии, приказни, песни и серии на македонски јазик, децата кои растат во странство имаат можност да ја одржуваат врската со јазикот и културата на своите родители.
Филевски позитивно го оценил концептот на МТВ 5, истакнувајќи дека преку забава, игра и едукативни содржини, каналот придонесува за правилен јазичен развој и негување на македонскиот идентитет кај најмладите генерации.
Воедно, изразил подготвеност и лично да придонесе за збогатување на програмата преку бесплатно обезбедување содржини за емитување. Притоа, се осврнал на своето долгогодишно професионално искуство во МТВ, почнувајќи од крајот на осумдесеттите и во текот на деведесеттите години, вклучително и ангажманот во некогашниот „Младински канал“, како и авторското учество во емисијата „Добро утро, Македонијо“ и други телевизиски проекти.

Кристина Димитрова во својот допис ги поздравила напорите насочени кон програмската, технолошката и организациската трансформација на МРТ, во согласност со потребите на современата публика и развојот на медиумското опкружување.
Во таа насока, доставила предлог-проект за нова телевизиска емисија, со образложение за нејзиниот концепт и оправданоста за реализација. Во прилог доставила и информации за своето досегашно професионално искуство, компетенции и реализирани проекти, вклучително и линкови до претходни активности.
Таа истакнала дека има особен интерес за промовирање иницијативи насочени кон унапредување на општествените и културните вредности преку телевизијата како медиум. Според неа, предложената емисија би придонела за информирање на јавноста за актуелните настани и иницијативи од културниот и општествениот живот во Скопје, особено во контекст на подготовките за проектот „Скопје – Европска престолнина на културата 2028“.

Понатаму, претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, се осврна на ставовите на Програмскиот совет во однос на доставените забелешки и предлози во рамките на јавната расправа за Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.
Во таа насока, претседателот го истакна општиот став на Програмскиот совет, согласно кој Советот изразува благодарност до сите граѓани кои со своите забелешки, предлози, критики и пофалби учествуваа во јавната расправа, придонесувајќи кон отворен и конструктивен дијалог за идниот развој на јавниот сервис.
Програмскиот совет ги смета сите доставени мислења за значаен придонес кон унапредувањето на програмската понуда и работењето на МРТ. Притоа, беше истакнато дека дел од предлозите се веќе опфатени во дополнетата верзија на Годишната програма, додека останатите можат да бидат предмет на понатамошно разгледување од страна на надлежните програмски и уреднички структури, во согласност со законските обврски, јавниот интерес, програмските приоритети и расположливите ресурси.
Воедно, Програмскиот совет особено ги поздравува позитивните оценки за новиот концепт, содржината и начинот на подготовка на Годишната програма за 2027 година. Советот смета дека започнатата програмска, организациска и технолошка трансформација на МРТ претставува континуиран процес, во кој се направени значајни исчекори, но и понатаму останува потребата од унапредување на квалитетот и разновидноста на програмските содржини, како и од воспоставување појасни и мерливи показатели за реализација и поголема отчетност во работењето.
По изнесувањето на општиот став, претседателот Пашоски продолжи со презентирање на поединечните ставови на Програмскиот совет во однос на доставените забелешки и предлози од јавната расправа.

Елена Попазова - Советот го зема предвид предлогот за поголема застапеност на квалитетни странски серии, вклучително и содржини наменети за различни возрасни групи и програмски термини. Иако ваквите содржини се застапени и во понудата на комерцијалните телевизии, Советот смета дека МРТ, како јавен сервис со посебна законска и општествена мисија, треба да обезбеди разновидна и квалитетна програмска понуда, во која ќе бидат застапени и соодветни филмски и сериски содржини, но со почитување на специфичните обврски и приоритети на јавниот сервис. Во таа насока, дополнетата Годишна програма веќе предвидува збогатување на програмската понуда со квалитетни домашни, европски и светски филмови и серии, чија застапеност во програмската шема ќе се реализира во согласност со уредувачкиот концепт и расположливите ресурси и можности. Конкретните предлози можат дополнително да бидат разгледани при понатамошното програмско планирање.

Игор Велков - Советот ја поздравува поддршката за новиот програмски концепт и ја смета за оправдана забелешката во однос на транспарентноста при подготовката на Програмата. Во

дополнетата верзија се наведени лицата кои учествувале во нејзината изработка кај сервисите без назначен одговорен уредник. Програмите се подготвуваат преку координација и соработка на уредниците и програмските тимови, а пополнувањето на раководните уреднички позиции останува важен институционален приоритет.

Кети Мециновиќ - Советот го поздравува предлогот за збогатување на програмата со квалитетни филмови, телевизиски серии и документарни содржини од различни продукции. Оваа определба веќе е вклучена во дополнетата Годишна програма, а предложените жанрови и конкретни наслови можат да бидат разгледани при понатамошното програмско планирање.

Лена Данилова - Советот ги зема предвид забелешките за потребата од побогата и поразновидна програмска понуда. Новата програмска концепција веќе донесе одредени промени и нови содржини, за кои постојат и позитивни реакции од дел од публиката. Со предвиденото мерење на гледаноста, следење на реализацијата и евалуација на програмските содржини, шемата ќе се приспособува на потребите на гледачите. Притоа, јавниот сервис има поширока законска и општествена мисија и не може да се води исклучиво од комерцијалната привлечност на содржините.

Марија Манасиевска - Советот ги разгледа доставените забелешки по одделните прашања и ги оценува како конструктивен придонес кон процесот на трансформација на МРТ.
Во однос на мерливоста и отчетноста, во дополнетата Програма е внесена конкретна определба за воспоставување единствен систем за следење на реализацијата, редовно мерење и анализа на публиката, оценување на јавната вредност и периодично известување за постигнатите резултати и отстапувањата од планираното. Предвидени се и месечни средби со одговорните уредници, во рамките на законските надлежности на Советот.
Советот нагласува дека јавниот интерес, професионалното и независно информирање, документарната, образовната и културната програма остануваат темелни приоритети и законски обврски на МРТ. Новите забавни формати се дополнување, а не замена за овие содржини.
Во однос на Собранискиот канал, програмата се подготвува и усогласува согласно јасно утврдената законска рамка и законските надлежности, во координација со Советот на Собранискиот канал, со почитување на неговата парламентарна, информативна и образовна функција.
Дигиталната трансформација е долгорочен процес што веќе е започнат, а неговата понатамошна динамика и приоритети ќе бидат разработени и во новата петгодишна стратегија на МРТ.
Во однос на сопствената продукција и соработката со независни продуценти, Советот посочува дека приоритет е зголемувањето на квалитетното сопствено производство, додека

постапките за избор на надворешни продукции се уредени со соодветен правилник и јавни конкурси со утврдени критериуми.
Забелешките за техничката уредност се евидентирани и ќе се имаат предвид при финалната редакција и уредување. Новиот формат на Годишната програма, кој за првпат се применува оваа година, претставува значаен напредок во однос на претходната практика и основа за натамошно подобрување.
Во однос на сервисите без одговорни уредници, во дополнетата верзија се наведени лицата вклучени во подготовката на програмите, а решавањето на кадровските и организациските прашања останува приоритет.
Советот ги прифаќа критиките како добронамерни и потсетува дека, со институционалното заокружување на раководните и управувачките структури на МРТ, се создадени предуслови за посистемски промени. Првите резултати се веќе видливи, а нивната успешност ќе се оценува преку реализацијата, јавната вредност и новите механизми за следење и отчетност.

Марија - Советот се заблагодарува за конкретните предлози и интересот за програмата на МТВ 5. Се согласува дека тинејџерската публика заслужува посебно внимание и разновидни содржини приспособени на нејзината возраст и интереси. Развојот на детската и младинската програма е веќе утврден како еден од програмските приоритети, а предлозите за квалитетни странски серии и дополнителни младински формати ќе бидат земени предвид при понатамошното програмско планирање, во согласност со програмската концепција, интересите на целната публика и расположливите финансиски и продукциски можности.

Марко Грозданов - Советот ги зема предвид забелешките за структурата на програмската понуда, продукциските ресурси и потребата од поголема жанровска разновидност. Предвидените забавни формати ќе се планираат со соодветна програмска и временска динамика, без непотребно меѓусебно преклопување и со водење сметка за расположливите ресурси.
Истовремено, документарните, културните, образовните и другите содржини со трајна јавна вредност се веќе утврдени како приоритети во дополнетата Програма. Преку системот за мерење на гледаност, евалуација и следење на реализацијата ќе се оценува оправданоста и квалитетот на одделните формати и ќе се прават соодветни приспособувања. Забелешките за репризите и странската филмска и сериска програма ќе бидат дополнително разгледани.

Игор Филевски - Советот изразува благодарност за искрената поддршка и позитивните оценки за детскиот канал МТВ 5, особено за неговата улога во зачувувањето на македонскиот јазик и културниот идентитет кај најмладите генерации во дијаспората. Ваквите реакции ја потврдуваат јавната вредност на детската програма и значењето на поврзаноста со иселениците. Во таа насока, особено значење има и натамошниот развој на веќе започнатиот проект „МК Конект“, чија реализација ќе продолжи и во 2027 година, со цел зајакнување на

врските меѓу татковината и дијаспората, поголема вклученост на иселениците и создавање содржини што ќе придонесат за зачувување на македонскиот јазик и културниот идентитет. Советот ја поздравува и понудената подготвеност за соработка, која може да биде разгледана од надлежните програмски структури.

Петар Арсов - Советот се заблагодарува за позитивната оценка на новиот концепт, структурата и начинот на подготовка на Годишната програма. Во однос на забелешката за недоволната застапеност на странски содржини, Советот смета дека квалитетните филмови и телевизиски серии од европската и светската продукција треба да бидат составен дел од разновидната понуда на јавниот сервис.
Оваа определба е веќе вклучена во дополнетата Програма, а конкретниот избор, обемот и динамиката на емитување ќе се разгледуваат во согласност со програмските приоритети и финансиските можности.

Кристина Димитрова - Советот се заблагодарува за доставениот предлог-проект и за изразената подготвеност за соработка со МРТ. Се поздравува иницијативата за содржини посветени на културниот и општествениот живот, особено во контекст на подготовките за „Скопје – Европска престолнина на културата 2028“. Предлогот ќе биде доставен до надлежните програмски структури за евентуално понатамошно разгледување, во согласност со утврдените програмски приоритети и постапки.

По презентирањето на поединечните ставови во однос на доставените забелешки и предлози од јавната расправа, претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, се осврна на целокупниот процес на разгледување на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година, при што ги изнесе заедничките констатации на Програмскиот совет, кои произлегоа од разгледувањето на Програмата и спроведената јавна расправа:

Програмскиот совет констатира дека во рамките на јавната расправа се доставени предлози, забелешки и позитивни оценки кои се однесуваат на програмската разновидност, квалитетот на содржините, уредувачката одговорност, мерливоста, дигиталната трансформација и натамошниот развој на јавниот сервис.
По разгледувањето на доставените мислења, Советот констатира дека дел од забелешките и предлозите се веќе опфатени во дополнетата Предлог-годишна програма за 2027 година. Во текот на јавната расправа, Програмскиот совет одржа и седници посветени на разгледување на Програмата, вклучително и со учество на одговорните уредници, при што беа разгледани и дополнувања произлезени од дискусиите и предлозите на членовите на Советот. Дел од овие предлози се совпаѓаат со забелешките и очекувањата изнесени од граѓаните во јавната расправа, што дополнително ја потврдува заедничката определба за унапредување на програмската понуда.

Врз основа на овој процес, во дополнетата верзија се интегрирани повеќе содржински и структурни подобрувања, додека останатите предлози можат да бидат предмет на понатамошно разгледување од страна на надлежните програмски и уреднички структури, во согласност со програмските приоритети и расположливите можности.
Советот изразува благодарност до сите учесници во јавната расправа и нагласува дека доставените предлози и забелешки претставуваат значаен придонес кон натамошниот развој на јавниот сервис. Нивното разгледување и евентуално вклучување во програмската понуда ќе се одвива во согласност со утврдените програмски приоритети, уредувачката политика и независност, законските обврски, како и расположливите финансиски, технички и кадровски можности на МРТ.
Советот изразува уверување дека новата Годишна програма, со својот концепт, разновидноста на содржините и предвидените механизми за следење и евалуација, ќе придонесе за поквалитетна, посовремена и попривлечна програмска понуда, приспособена на потребите на различните категории публика, со целосно почитување на јавниот интерес и законската мисија на МРТ.
Притоа, Советот нагласува дека програмската трансформација претставува континуиран процес, во кој преку следење на резултатите, соработка со уредничките тимови и повратни информации од публиката ќе се обезбедува натамошно унапредување на програмата.

Точка 3. Средба со одговорните уредници во врска со Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, ја отвори третата точка од дневниот ред и упати благодарност до сите одговорни уредници, како и до колегите кои биле вклучени во подготовката на програмските делови за сервисите каде што во моментот нема назначени одговорни уредници, за нивниот ангажман, соработка и вложен труд во подготовката на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.
Тој истакна дека во изминатиот период, преку повеќе средби, дискусии и непосредна комуникација меѓу Програмскиот совет, менаџментот и уредничките тимови, биле разгледани бројни прашања и предлози, што придонело за дополнување и подобрување на првичната верзија на документот.
Притоа, посочи дека дел од забелешките и предлозите доставени во рамките на јавната расправа се совпаѓаат со прашањата што претходно биле разгледувани на седниците на Програмскиот совет. Во таа насока, нагласи дека преку досегашните дополнувања на Програмата веќе е одговорено и на дел од очекувањата и сугестиите на јавноста.
Пашоски оцени дека ваквиот пристап, заснован на отворена комуникација, размена на мислења и меѓусебна соработка, претставува позитивен пример за тоа како Програмскиот совет, менаџментот и уредничките тимови можат заеднички да придонесат кон

унапредување на програмската понуда, секој во рамките на своите надлежности и со целосно почитување на уредувачката независност.
Воедно, изрази уверување дека дополнетата Програма претставува добра основа за понатамошната работа и дека нејзината реализација, во согласност со утврдените приоритети и расположливите финансиски, технички и кадровски можности, ќе придонесе за натамошно подобрување на квалитетот и разновидноста на програмските содржини.
На крајот, претседателот уште еднаш се заблагодари за досегашната соработка и изрази очекување дека воспоставената практика на комуникација и соработка ќе продолжи и во текот на 2027 година, вклучително и преку предвидените редовни средби со одговорните уредници, со цел континуирано следење на напредокот во реализацијата на Годишната програма.

Точка 4. Извештај од надзор над изборното медиумско претставување на МТВ1

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред и рече дека во рамките на оваа точка е извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се однесува на мониторингот на програмата на МТВ1 за време на изборниот молк, на 17 и 18 октомври 2026 година.
Во извештајот на Агенцијата се констатирани прекршувања на одредбите од Изборниот законик, поврзани со емитување програмски содржини во кои гостувале носители на јавни функции за време на изборниот молк.
Имајќи ја предвид посебната улога и одговорност на јавниот сервис, смета дека е важно да се укаже на потребата од доследна примена на законските одредби, особено во периодите на изборен молк, кога е неопходно дополнително внимание при подготовката и реализацијата на програмската шема.
Во таа насока, тој ја нагласи важноста од соодветна координација и навремена проверка на програмските содржини, со цел целосно почитување на законските обврски и избегнување слични ситуации во иднина.
На крајот, претседателот ги повика членовите на Програмскиот совет да изнесат евентуални дополнителни согледувања, а на одговорниот уредник му даде можност да достави дополнителни појаснувања во врска со наодите од извештајот.

В.Д. Одговорниот уредник на МТВ 1, Стојан Трпчевски, во своето излагање се осврна на констатираните прекршувања на одредбите од Изборниот законик во извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ги потврди настанатите пропусти.

Во однос на гостувањето на Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар, во емисијата „На пладне“, Трпчевски појасни дека не бил навремено информиран од авторите на емисијата за промената во првично предвидениот концепт и изборот на гости. Притоа,

посочи дека авторите ја признале направената грешка. Во текот на гостувањето биле опфатени теми од приватниот живот на гостинот, но и прашања поврзани со неговото извршување на градоначалничката функција.
Во врска со гостувањето на Мирослав Лабудовиќ во емисијата „На прва со Пеце и Нора“ и на Димитар Ковачевски во емисијата „До полноќ со Топалова“, Трпчевски објасни дека станувало збор за репризни изданија на емисиите, кои биле емитувани и покрај тоа што бил во тек изборниот молк. Тој посочи дека содржините на двете емисии не биле непосредно поврзани со конкретниот изборен процес во Општина Брвеница, но истовремено потврди дека нивното емитување во наведениот период претставувало прекршување на законските одредби.
Трпчевски нагласи дека ги прифаќа утврдените пропусти и ја презема одговорноста во рамките на своите надлежности за трите посочени случаи. Воедно, истакна дека во изминатите години извештаите од мониторингот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, вклучително

На излагањето се надоврза генералниот директор на МРТ, Зоран Ристоски, кој истакна дека при оценувањето на настанатите пропусти е важно да се земат предвид сите околности во кои тие се случиле. Притоа, посочи дека станувало збор за изборен процес во помала општина и дека пропустите биле направени ненамерно, без намера за прекршување на законските одредби. Во таа насока, нагласи дека покрај прашањето за евентуална одговорност и санкционирање, важно е да се има предвид и карактерот на направените пропусти.

Лазо Трпков ја нагласи потребата од зголемено внимание и доследно почитување на законските обврски при подготовката и емитувањето на програмските содржини, со цел во иднина да се избегнат слични пропусти и забелешки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Беким Лачи во своето излагање се осврна на извештаите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од претходните изборни циклуси, посочувајќи дека во минатото биле доставувани извештаи со особено сериозни и загрижувачки наоди за изборното медиумско претставување на МРТ, кои тој ги оцени како скандалозни. Притоа, истакна дека во изминатите години, според него, не биле евидентирани такви наоди.
Во однос на актуелниот извештај, Лачи истакна дека, иако е неспорно дека биле направени пропусти, смета дека при разгледувањето на евентуалната одговорност треба да се земат предвид нивниот ненамерен карактер и конкретните околности. Притоа, посочи дека во спорните емисии не биле обработувани теми поврзани со изборниот процес во Општина Брвеница, туку други содржини, поради што изрази став дека во конкретниот случај не би било оправдано да се пристапи кон санкционирање на одговорните лица.

Томислав Кежаровски во своето излагање истакна дека, според изнесените информации и околностите на случајот, станува збор за ненамерни пропусти, но нагласи дека во иднина е неопходно да се посвети значително поголемо внимание на доследното почитување на законските обврски, особено на одредбите од Изборниот законик. Во таа насока, предложи Програмскиот совет да донесе заклучок со кој ќе се укаже на потребата од зголемена внимателност при подготовката и емитувањето на програмските содржини, со цел да се спречат слични прекршувања во иднина.

Во продолжение, Билјана Бабиќ укажа на прашањето за внатрешната координација и почитувањето на уредничките процедури при подготовката на емисиите. Таа посочи дека дополнително внимание заслужува и фактот што авторите на одредени емисии, без оглед на тоа дали се вработени во МРТ или се ангажирани како надворешни соработници, покануваат гости без претходно информирање или консултација со одговорниот уредник. Според неа, ваквиот начин на постапување укажува на одредени недостатоци во внатрешната координација и организација на работата, на кои во иднина треба да им се посвети соодветно внимание.

По завршувањето на дискусијата, претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, го предложи следниот заклучок и го стави на гласање:
Програмскиот совет го разгледа извештајот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторингот на програмата на МТВ 1 за време на изборниот молк, на 17 и 18 октомври 2026 година.
Програмскиот совет укажува на потребата од доследно почитување и примена на одредбите од Изборниот законик, особено во периодите на изборен молк, како и од зголемено внимание, соодветна координација и навремена проверка при планирањето и емитувањето на програмските содржини, со цел спречување слични неправилности во иднина.

По спроведеното гласање, Програмскиот совет го усвои предложениот заклучок.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Шеесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ во 14:30 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5818/2
27.10.2026г.

_____
Давор Пашоски